# ПЕРСПЕКТИВИТЕ И БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРИДОБИВКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО

академик *Никола*
**КЉУСЕВ,**

Македонска академија на
науките и уметностите

# Македонија е незаменлив дел од градењето стабилна и безбедна Европа

Проблемите кои некогаш беа толку тајни и дискретни денес ги отвораме на виделина, за заеднички, од разни структури да перципираме во креирањето на организацијата, моделот и функционирањето на одбранбениот систем во државата.

Иницијативата охрабрува и е за пофалување и тоа покажува дека не е привилигија на ниедна партија или власт да креира во најсуптилната сфера политика, туку тоа е грижа, одговорност пред сите политички сили и воени, парламентарни и други партии, разни здруженија и научни центри да пристапат кон оценка и креирање на оваа сложена материја. Па, дури би дал и еден предлог дека треба да ги интегрираме сите наши истражувачки центри и расположиви поединци со богато искуство, да пристапат кон изработка на долгорочна одбранбена безбедносна програма во државата со помош и на други советодавни тела од надвор, но и одредени фондации од надвор поради увеличеноста на Буџетот на Република Македонија, кои во една објективна, научна дискусија заедно ќе пристапат и ќе изработат една долгорочна стратегија во секторот на безбедноста и на одбраната.

Безбедносната политика на РМ има шест стратешки цели: прво, политичка и економска интеграција во ЕУ, второ, политичка и воена интеграција во колективните безбедносни и одбранбени системи на ОН, НАТО, ОБСЕ и на здружените европски сили, трето, заштита на демократските институции и политичкиот систем на сопствената држава, четврто, развој на социјално економскиот систем базиран на принципите на пазарната економија со поддршка на секоја претприемничка иницијатива и отворање на стопанството пред надворешниот свет, петто, градење и одржување на добри односи со соседните земји и шесто, Република Македонија мора да ги организира сопствените одбранбени способности во функција на целосна заштита на сопствениот територијален интегритет и суверенитет.

Република Македонија меѓу првите се приклучи кон Партнерството за мир и јасно ја декларираше својата намера за влез во НАТО. Тука немаме подвоености.

Имав прилика да слушам на многу вакви собири и на денешниот, дека речиси од сите политички структури во Македонија релевантни во креацијата на државата, сите се согласни за патот кој што не очекува за влез во членство во НАТО.

Во функција на остварување на бараните предуслови за потполно членство во НАТО се конципирани целите на започнатата реформа на безбедносниот сектор. Несомнено дека реформскиот процес можеше но и може да се одвива со далеку позабрзано темпо. Причините за успорувањето на неговата динамика во одбранбено-безбедносниот сектор се двојни, прво врз изразениот субјективен фактор свое дополнително комплементарно влијание имаат и надворешните фактори, каде што беа војните на просторите на бивша Југославија, колапсот во Република Албанија 1997 година, трето, Косовската војна во 1999 година и секако воените дејствија што се случија во РМ пред две години. Сите овие настани имаа негативно влијание не само врз бебзедносната ситуација туку и врз политичката и економска стабилност на РМ. Не помало негативно влијание има и оживотворувањето на ветувањата за целосна интеграција на РМ во тековните европски процеси. Релативно малите конкретни резултати на ова поле како бумеранг можат да донесат годлеми негативни последици.

Демократско спроведување на минатогодишните парламентарни избори во РМ ја покажуваат зрелоста на политичкиот естаблишмент во државата, но за натамошен нејзин демократски развој е неопходно да се преземат далеку поконкретни и порадикални чекори за интеграција на Република Македонија во Европската унија и НАТО. И оној напор што го чиниме е еден придонес кон тоа отворајќи ги просторите за јавна дискусија фактички ние им се понудуваме на НАТО и ЕУ што побргу да не прегрнат во нивните прегратки. Ефектите од тој процес би биле двојни, конкретно, интеграцијата на РМ во НАТО несомнено ќе преставува средство за унапредување и одржување на стабилноста и безбедноста на РМ од една страна, а од друга страна тоа ќе биде и долгорочна инвестиција за стабилноста на регионот на Европа, но и на Трансатланската алијанса.

Градењето безбедна и стабилна Европа може да биде остварено единствено со вклучување на сите држави што му припаѓаат на стариот континент и што ги подржува демократските граѓански слободи и слободните пазарни вредности. Македонија е дел од тој процес и може, но и мора поблиску да учествува во неговото натамошно успешно градење.

Имајќи го предвид регионалното значење, геополитичката положба, географска локација на РМ, големината на населението, како и политичкиот и воениот потенцијал Република Македонија може да влијае позитивно врз зголемување на способноста на Алијансата да одигра одлучувачка улога во превенцијата и менаџирањето на кризите во регионот и пошироко. Во таа насока неопходна е поддршка од страна на Меѓународната заедница, а со тоа и на НАТО во остварувањето на следните прашања:

Прво, обезбедување подобра безбедност на северната граница со Србија и Црна Гора, пред сè во делот со Косово, како и што е можно нејзино побрзо обележување. Нашата граница е сè уште кревка, таа е ранлива, гледаме секој ден

разни криминални и терористичкигрупи се префрлуваат и вршат разни трговии на оружје, на дрога, на проституција и сл.

Второ, респектирање на духот и содржината на Резолуцијата 1244 на ОН, а со тоа и хронично разрешување на Косовскиот проблем.

Трето, преземање радикална акција за собирање и одземање на илегалното оружје на целата територија на РМ и строги казнени мерки оној кој ќе се спротивставува на тој процес.

Четврто, обезбедување слободна комуникација и безбедност на населението во одделните подрачја на Западна Македонија каде што хараат одредени банди кои што вршат тероризирање на населението таму, а и создаваат револт во државата.

Петто, борба против сите видови тероризам и криминал.

Шесто, ставање дефинитевен крај на екстремните терористички групи од т.н. АНА согласно со решенијата и содржината со Охридскиот договор.

Новите безбедносни ризици со кои секојдневно се соочува светот ја наметнуваат потребата за заеднички пристап и напор на државите во разрешувањето на горливите предизвици. Република Македонија веќе на неколку пати покажа дека ги има неопходните капацитети и политичка волја да земе активно учество во нивното разрешување како што беше нејзиното инволвирање и активно учество во операциите на здружените сили на Евроатланската алијанса во разрешувањето на косовскиот конфликт како и во последните случаи во Ирак. Тие се најдобар доказ дека Македонија има способност и одлучност да ги промовира интересите и вредностите на НАТО и надвор од сопствените граници. Сам за себе е егземпларен случајот со учеството на НАТО против Милошевиќевиот систем кога Македонија стана жариште на една една облагородена идеја да биде најхуманата држава на Балканот и во Европа додека многу држави го преспаа сонот на првите месеци на тоа неколку стотини илјадно население кое што бегаше, а беше прифатено од страна на македонските власти, овозможувајќи отворање на воените магацини, со ќебиња, со храна, со лекови, за да се згрижи.Ќе кажам една епзода како тогашниот министер заедно со седумнаесетте команданти на НАТО имаше една така посебна игра, прво се оцени непријатна, после со бакнежи се разделивме.

Случајот е ваков: странските медиуми ББС и СНН соопштуваа и им даваа негативна оценка на македонските власти зошто некој полицаец удрил некој недисциплиниран бегалец и слично Меѓутоа, таквите критики за да бидат и од наша страна критикувани јас ги повикав сите команданти од седумнаесетте земји на НАТО по полноќ, во 1 часот во Кабинетот на министерот за одбрана и им реков: господа, напуштете ги касарните, за да ги сместиме бегалците, за да престане оваа критика во која не напаѓате или останете во касарните излезете со вашата градежна оператива да градиме кампови за сместување. Господинот Мајкл тогашен одговорен генерал за сите 17 команданти изгледа недоволно разбрал па дал известување како министерот за одбрана ги гони силите на НАТО од Македонија и таа вечер немаше спиење, беше тревога, од секоја страна, од Вашингтон па сè до Париз, Лондон итн. Пристигна господинот Крамер помошник министер од САД, стигнаа и други делегати и во

резиденцијата на Американската амбасада. Се водеше разговор и во тој разговор се разбравме за што била таа дискусија. Тогаш се прегрнавме, тие се извинија и утрината сите во став мирно дојдоа со нивната опрема. Стенковец 1, Стенковец 2, Непроштено, Југохром, сè беше изградено за 4 дена, што значи може да се помогне, затоа што Македонија во тој период прими околу 18 до 20% од своето население бегалци. Тоа беше едно тешко време, но да не се вратат тие мигови. Тоа беше навистина една голема одмазда која што ја вршеше Милошевиќиот систем и тоа сигурно педантните анализи утре историски ќе го докажуваат, наше е само да извлечеме само некои заклучоци.

За практичното реализирање на овој предизвик НАТО како единствена светска воена сила која остана по распаѓањето на Варшавскиот пакт мора во своето работење приоритет да даде на превентивните активности а дури потоа да ја преземе улогата на коректор на девијантните појави и најразлични екстремни групи и појави.

Кога зборувам за превентивните мерки, пред сè мислам ете и на ваква една форма на соработка, но и директна помош на одделните министерства и политичко влијание на одредените политички партии и структури во власта да не доаѓаат немили сцени и случувања, да не се гасат екс пожари. Превентивната улога на НАТО е многу значајна затоа што оценивме и оценуваме дека таа е и политичка и воена организација. Од тој аспект прифаќајќи ги нејзината помош и совети не би сакале да се инкорпорира тој напор во превентивното разрешување на сите оние потенцијални жаришта кои би дошле или би предизвикале тревога да речеме во земјата. А потоа се наметнува проблемот на одредена корективна улога, таа корективна улога навистина ја разбирам дека НАТО има сили и способности со сопствените маханизми, својата организација која постои и која ја почитуваме, да стави до знаење дека на оваа територија мора да престанат секакви воени, терористички и криминални влијанија кои што вршат негативни реперкусии врз стабилноста и мирот на земјата и на Балканот. Од тој аспект корективната улога на НАТО ние ќе ја цениме и сакаме да ја цениме. Но, јас давам и една негативна забелешка на НАТО, зошто НАТО дозволи така лесно да се минува преку нашата граница преку преминот од Косово кон Македонија многу вооружани лица кои создаваат револт во македонските простори. НАТО беше стациониран во Косово и мораше да понесе и делумна одговорност зошто дојде до тоа, каде беше неговата корективна улога. Значи, тоа се сериозни проблеми кои што сакаме да ги отвориме и со чувство на една доверба, на едно разбирање да ги дискутираме.

Крајна цел на реформата на македонскиот безбедносен сектор е интеграција во НАТО која ќе придонесе за подобри вкупни односи со соседните држави и ќе ја промовира регионалната кооперација за остварување на заедничкиот предизвик Балканот без граници во Обединета Европа.

д-р *Лазар* **КИТАНОСКИ,**

советник за национална безбедност на претседателот на Владата на Република Македонија

# Перспективите и безбедносните придобивки на РМ како членка на НАТО

Овој собир и темите кои на него се опфатени доаѓаат во вистинско време. Тие се еден логичен след на настани кои се насочени кон заокружување на еден од многу значајните процеси и активности за Република Македонија, како што е членството во НАТО. Низ овој собир и темите се гледа еден континуитет на демократско зреење на општеството каде што сфаќањето за безбедноста и одбраната станува дел од прашањата кои не се повеќе привилегија на мал дел експерти и воениот естаблишмент.

Видливата промена на културата и однесувањето кон овие прашања на целото општество се уште еден доказ за развојот на Република Македонија кон една современа и демократска држава во која што оваа област се третира еднакво со сите други. Така, граѓаните и заедницата рамноправно со надлежните во оваа област, во интерес на нејзиниот развој споделуваат заедничка визија за нејзиното место и улога и изградуваат заеднички консензус по мерка која ќе биде во функција на сите. Впрочем, одбраната и е за граѓаните на Република Македонија, а државата е таа која низ еден ваков отворен, демократски воден- и процес кој обезбедува најшироко можна споделена визија за безбедност- ќе изгради модерен, функционален и во служба на граѓаните безбедносно- одбранбен систем. Со ова и персоналот- силите чија професија е одбраната на земјата ќе добијат ново чувство и јасен поглед за нивното место и улога и така на најдобар можен начин ќе му служат на граѓанинот и на државата.

Постојаното залагање за реформи во оваа област не треба да се сфати само како желба дека нешто треба само да се прави, туку како логична последица на сето она што се случува во последнава деценија во светот, а со тоа и во опкружувањето на Република Македонија, вклучувајќи ги, се разбира, и сопствените искуства. Денешниов свет се карактеризира со мошне брзи и динамични промени кои едноставно бараат постојано преиспитување на можностите и силите на државата да се справи со предизвиците и ризиците по својата безбедност. Од распаѓањето на биполарниот

свет во кој одбраната и вооружените сили имаа на некој начин традиционално- воено место и улога, денес тие се во постојана трансформација за да може да ги следат брзите и динамични промени во оваа област.

Иако доминантна црта во областа на безбедноста е меѓународната кооперативност и заемната соработка, паралелно се појавија закани кои често не бараaат традиционално воен одговор. Со ова не само нашите, туку и сите одбранбени сили во Европа се во постојана потрага по вистинските одговори, а со тоа и вистинските мисии и задачи на модерните армии, како и нивната сила и капацитети кои се потребни за справување со она што се нарекуваше нетипично воени задачи.

Последиците од тероризмот и неговите идни тенденции се типичен пример на закана која за разлика од порано добива размери кои можат да ја нарушат многу подлабоко безбедноста, мирот и просперитетот не само на една земја, туку и да ги разнишаат пошироките демократски и развојни процеси на цели региони и континенти.На тероризмот како дополнителна сила и често во заедничка спрега влијае и организираниот криминал, нелегалната трговија со дрога, оружје и слично. Земјите во транзиција дополнително треба да бидат внимателни во поглед на овие видови закани и опасности заради транзициските проблеми: почнувајќи од социјалните, економските, националните и проблемите кои произлегуваат од недоволно изградените институции на државата, манифестирани преку корупцијата, криминалот, даночната евазија и слично.

Поради сето ова несомнено е дека Армијата не може повеќе да биде само набљудувач на појавата на невоените и асиметрични закани по безбедноста и да се подготвува само за одговор од конвенционална војна.

Современото сфаќање на безбедноста бара вистинска комбинација и искористување на сите безбедносни потсистеми и сили на една држава со кои ќе може да се справи со денешниве и идни закани. Од друга страна ниедна држава не може да си дозволи пасивно чување на одбранбените ресурси за една намена, туку истите треба да се оспособат да можат дејствуваат и помагаат во поширок спектар на области кои ја загрозуваат безбедноста на државата, регионот и пошироко, што е последица на новите стратегиски реалности. Така, Армијата на РМ, како и сите други армии во светот денес е исправена пред предизвикот на една трансформација која не се однесува само на голото намалување на бројот на силата во однос на ресурсите и можностите на државата, како последица од барањата кои произлегуваат од членството во НАТО или некоја друга организација и слично. Трансформацијата е пред сè, последица на новите реалности и закани по безбедноста на РМ, Регионот и демократската заедница, а не само метод на приближување кон НАТО. Оттука РМ и нејзините вооружени сили реформите треба да ги насочат кон изградба на одбранбен систем и вооружени сили кои ќе бидат пофлексибилни, поподвижни и со можност на одговор на поширок спектар на закани.

На ова треба да се гради и таков систем на менаџмент, обука, опрема и поддршка кој ќе може брзо и во од да се приспособува на идните реалности и да се справи со безбедносни закани дома, а и да даде придонес со релевантни сили доколку

е потребно и надвор од границите на РМ во интерес на мирот и стабилноста во регионот и пошироко. Значи, идните реалности укажуваат на тоа дека безбедноста не може да се обезбеди само дома и изолирано, туку се почесто за подобрување на својата безбедност ќе треба да се партиципира во меѓународни сили во состав на НАТО или операции предводени од НАТО, ЕУ, ОБСЕ или ООН, со што не само што ќе се зацврстува, туку и ќе се подобрува и внатрешната безбедност.

Интересите на РМ се многу повеќе отколку само заштита на нејзината безбедност. Тие се, пред сè, движечка сила и насока за просперитет на државата во сите области. Внатрешната стабилност, економскиот развој, унапредување на демократските институции и односи во државата, социјалниот мир и стабилност, заштита на граѓаните од сите видови внатрешни загрозувања се не помалку важни области битни за стабилност, безбедноста и напредокот на државата.

Одбраната и одбранбените сили треба да го пронајдат своето место и улога и соодветно на тоа да се оспособат за учество и помош, секогаш кога тоа ќе го побараат цивилните авторитети на државата и граѓаните. Демократијата за ова бара јасни задачи и точно дефинирани мисии, за што е потребно да се посвети посебно внимание за изградба на демократска и јасна легислатива, процедури и форми на заедничко дејствување во интерес и во служба на граѓаните и општеството. Изградба на модерна, професионална, посветена и добро обучена армија е основната претпоставка за поголема ефикасност, правилно функционирање и вистинска употреба на вооружените сили во демократски амбиент заштита и унапредување на интересите на РМ.

Имајќи предвид дека на подолг рок не се очекува конвенционална војна, покрај погоре кажаното во визиите, плановите, структурата на силите и начинот на нивното дејствување трба да се вградат елементи и содржини од она што денес модерно се нарекува менаџмент со кризи и рано предупредување од можни закани, за што посебно треба да се зајакнат капацитетите за разузнавање и можност за компатибилна и ефикасна размена на податоци и координација на активностите како со другите потсистеми во РМ, така и со соседите, земјите во регионот, НАТО и меѓународната заедница. Ова посебно затоа што денешните закани се најмалку национални, туку за терористите и криминалните групи, границите се само една од попатните станици за нивните крвави бизниси.

На крај сакам да укажам на еден многу важен сегмент од реформите - улогата на персоналот и неговиот квалитет. Само луѓето во одбраната и Армијата, со нивната професионалност, целосна посветеност и обученост се тие кои се основни носители и реализатори на одбранбената политика. Опремата е нивна алатка, но тоа само по себе не носи квалитет. Затоа, на персоналниот менаџмент не треба да се гледа како на обврска, туку како на инструмент и извор на кадри без оглед на нивната полова, етничка и друга припадност. Со еднакви шанси за сите, со вистинска селекција, со правилна обука, напредување и наградување ќе се дојде до посакуваната структура на сила и нивниот квалитет.

Во оваа смисла, неопходно е менаџментот и персоналот во врвот на одбраната и Армијата, без оглед дали е цивилен или воен да го преструктуира министерството

за одбрана во еден модерен менаџер и работодавец кој ќе може успешно перманентно да ја води, насочува и спроведува одбранбената политика на државата развивајќи професионален и едуциран цивилен персонал. Со ваков пристап, на Армијата ќе и се овозможи успешно да ги спроведува зацртаните мисии на одбраната преточени во јасни воени задачи подобрувајќи ги командно -планерските способности и едукација на штабовите и военият персонал на сите нивоа.

Брзината на промените во опкружувањето и работа во услови на постојана напрегнатост и стресни ситуации бараат воведување на модерни техники и инструменти во процесите на планирање и создавање и донесување на одлуки, кои изискуваат нов ков на персонал и нивна едуцираност, со поголема флексибилност и поширок дијапазон на знаење и вештини. Со ова се обезбедуваат и предуслови за изградба на добро обучен, професионален и подготвен војник.

д-р *Марина*
**МИТРЕВСКА,**

Филозофски факултет,
Институт за одбранбени
и мировни студии

# Агенција за кризен менаџмент во Република Македонија: реална потреба

Денес, безбедноста во Европа, во основа ја карактеризираат нагорни односи на кооперација и заемна соработка, што е еден од показателите дека полека, но сигурно, се отстрануваат можностите за една поголема конвенционална војна. Но, од друга страна, во поедини региони, како што е и Југоисточна Европа токму како последица на распаѓањето на биполарниот свет и големите социјалистички држави се појавија многу кризи и кризни ситуации. Идните стратегиски реалности по терористичките напади во САД укажуваат на тоа дека опасностите од невоени и асиметрични закани се појавуваат во неочекувани облици и со разорен интензитет. На сегашниот степен на цивилизациски развој, односно, во последно време како последица на техничко-технолошкиот развој, глобализацијата и климатските промени, сѐ почести се и елементарните, техничко-технолошките и други непогоди со огромни размери, кои многу често ги надминуваат и вкупните потенцијали на една држава. Оттука, државите се приморани да се организираат за да можат да се справат со овие кризи и кризни ситуации. Имено, државите мора да изнајдат решенија за управување со кризи, и тоа почнувајќи од нивната превенција, па се до нивното саморазрешување.

Во таа смисла, најновата концепција за национална безбедност и одбрана на Република Македонија во себе содржи посебен дел насловен како менаџирање со кризи, која ги дава насоките за организација и развој на овај систем. Со други зборови, тој обезбедува основа за изградба на модерен, ефикасен и компатибилен систем за менаџирање со кризи со другите земји и организации. Исто така, новиот стратегиски концепт на НАТО ја истакнува улогата на дијалог и соработка, што подразбира средство за отстранување на кризите. Оттука, во овој труд акцентот ќе биде ставен на три аспекти, и тоа: Република Македонија членка на НАТО: реална потреба; цели

на кризниот менаџмент во НАТО и кои се натамошните активности на Република Македонија на полето на градењето на системот за менаџирање со кризи.

## Република Македонија членка на НАТО: реална потреба

„Прерано е Македонија да очекува покана за членство во НАТО во 2004 година и мислам дека тоа е пореално за во 2006 година. Но, сè ќе зависи од Македонија, а не од НАТО. “[1]

Оваа ситуација министерот за одбрана на Република Македонија, д-р Владо Бучковски ја изразува на следниот начин: „Македонија се надева дека во 2006 година ќе добие покана за членство во НАТО, што ќе ѝ овозможи стабилност, безбедност и дополнителна гаранција за непроменливоста на границите. Да се најдеш под безбедносниот чадор на НАТО, да имаш такви моќни сојузници, значи дека си решил еден голем проблем на Балканот, за кој се уште ќе има многу сценарија. За да излеземе од тие сценарија, од тој маѓепсан круг, неопходно е да бидеме членка на НАТО.“[2]

Оттука е сосема разбирливо што поканата за членство се сфаќа како атрибут на Република Македонија и како претпоставка за излез од маѓепсаниот круг.

Секоја научна анализа за членство во НАТО мора да го има предвид фактот дека нашата држава не отстапува од стратегиската определба за полноправно членство. Токму затоа, реформите во одбраната добиваат во значење и се реализираат преку внатрешни и надворешни иницијативи. Клучните елементи на внатрешните иницијативи се:реорганизација на АРМ, која се движи кон професионална, добро обучена сила и претставник на етничкиот состав на населението во државата; модернизација на вооружувањето и опремата. Додека пак, клучните елементи на надворешните иницијативи ќе се однесуваат на глобалните и регионалните активности на Република Македонија за постигнување на ниво на рамноправни парципиенти во заемната безбедност со Алијансата и со партнерите.

На прв поглед се стекнува впечатокот дека односот помеѓу внатрешните и надворешните иницијативи се императив за Република Македонија. Во рамките на овој пристап се смета дека членството во НАТО ќе ни донесе стабилност, или накратко-ќе решиме еден голем проблем. Со други зборови, акцентот треба да се стави на клучниот однос помеѓу внатрешните и надворешните иницијативи и исполнување на сите стандарди од страна на Република Македонија за полноправно членство во НАТО.

Прифаќајќи го таквиот пристап како прво и основно, Република Македонија треба да се фокусира во развивањето на способностите и капацитетите на земјата за активен придонес во колективната безбедност и за учество во мировните мисии предводени од Алијансата (пр. Авганистан и Ирак).

---

[1] Николас Бигман, амбасадор на НАТО во Република Македонија: Форум „Македонија во НАТО 2003-2006“, 15-17.09. 2003,Скопје.

[2] Бучковски Владо, министер за одбрана на Република Македонија: Форум „Македонија во НАТО 2003-2006“, 15-17.09.2003, Скопје.

Како второ, Република Македонија треба да се фокусира на преземање и извршување на оперативните задачи, во рамките на глобалните активности во однос на регионалната и внатрешната безбедност.

Трето, во овој контекст мора да се нагласи дека Република Македонија мора да преземе оперативни чекори во рамките на кризниот менаџмент. Имено, новиот стратегиски концепт на НАТО ја истакнува улогата на дијалог и соработка, што подразбира средство за отстранување на кризите и спречување на конфликтите.

## Цели на кризниот менаџмент на НАТО

Во денешната стратегиска средина стравот од „силна“ агресија повеќе не ја преокупира нацијата, туку повеќе тензиите и антагонизмите генерирани од етнички конфликти, екстремни национализми и внатредржавни политички судири, кои резултираат со кризи штетни за стабилностс и безбедноста на макро и микро ниво. Во такви комплексни услови главните закани ги нема, тие се заменети со многу поголем број на помалку предвидливи ризици кои се многу поголем број на помалку предвидливи ризици кои се многу присутни и многу директни, тешки за анализирање и непостојани. Сето тоа покажува дека постои континуирана потреба од делотворен, контролиран одговор, организирано раководење со кризите, мерки и комуникации кои би можеле да бидат вклучени, поединечно или колективно, во контролата на кризите и обликувањето на идните насоки и задоволување на политичките фактори и раководители со кризи.

Несомнено, кризниот менаџмент на НАТО треба да придонесе кон намалување на тензиите и нивна превенција, со што, директно се влијае врз безбедноста на членките на Алијансата.Односно, акцентот треба да се стави на ефикасно раководење со кризите, со што ќе се спречи тие да прераснат во конфликти. Освен тоа, со кризен менаџмент треба да се обезбедат цивилни и воени подготовки, а со негово успешно функционирање ќе се спречи ескалација на кризата. Согласно ваквиот пристап спектарот за дејствување условува квалитативно различен начин на НАТО Алијансата во превенција на конфликтите низ контролиран одговор и подготвеност за акција на сите нивоа на кризата. Ваквата улога го промовира и новиот стратегиски концепт на НАТО, чија поента е потреба од отворен пристап за безбедноста и стабилноста во новата стратешка средина. Во поединости, овој пристап рефлектира користење политички, економски, социјални инструменти, исто како и воени и поголемо истакнување на превенцијата и конфликтот, одржување на мирот и кризниот менаџмент. Заради тоа, апликацијата на НАТО во активностите на кризниот менаџмент стана многу почеста, и тоа преку: мониторинг, детектирање на кризата, поставување на планови и цели и преговори. Во таа смисла, најважните механизми кои стојат на располагање вклучуваат и определување на главните активности на НАТО за кризниот менаџмент, придружено со секоја состојба на кризата која сугерира едноставна матрица преку целиот процес на управување со кризата. Истовремено, јасно дефинирање на националните и институционалните цели претставува политичка рамка во која активностите на управување со кризата ќе земат значајно место.

Алтернативниот политички и воен план за дејствување е неопходно да биде конзистентен со национално институционалните цели. Оттука, формалниот список на задачи би можел да го вклучи формирањето на алтернативни стратегии, поставување критериуми на ризик, филтрирање на опциите, присилно влијание на политичкиот фактор, имплементација на сите активности на планирање придружено со формални одлуки, грижејќи се за специфичните акции кои се преземаат со стратегиско опциско разгледување, и тоа: идентификување на факторите за принуда и имплементирање на пакетот опции ( политички,воени, логистика и др.), сили за истражување, план за движење и трансформирање и координација со сите во текот на кризата.

Во светлината на позитивните импликации кои се резултат на новиот стратегиски концепт на НАТО алијансата, се поместува фокусот на стратегијата од одбрана и закана кон управување со кризите заснован на три заеднички елементи: дијалог, соработка со други земји и одржување на колективните одбранбени капацитети. Во таа смисла, НАТО ги развиваше своите способности за да може да го изврши целиот опфат на задачи, вклучувајќи го управувањето со кризи и одржувањето на мирот, а притоа запазувајќи ги можностите за колективна одбрана. Токму затоа, членките на НАТО ги адаптираа своите политички и воени структури и процедури за поефикасно и пофлексибилно извршување на нивните задачи и истовремено ја модифицираа и засилија соработката со сите членки на ПзМ и со другите организации а, пред се, со ЗЕУ и ОБСЕ.

## Агенција за кризен менаџмент во Република Македонија

Пред да се случи вооружениот конфликт во Македонија укажував на потребата, односно ја промовирав идејата за формирање на систем за кризен менаџмент во Република Македонија. Сметав дека, Република Македонија не е имуна на огромен број извори на загрозување, кои можат да бидат директна причина за појавата на кризи. За жал, потребата од тој систем се потврди во текот на вооружениот конфликт. Притоа нашата држава "ad hok"реагираше и во екот на кризата организираше Координативно тело за справување со кризи, во чии рамки се формира и Центар за менаџмент со кризи.

Од тие причини повторно укажувам дека Република Македонија заради навремено подготвување на одговор на секоја “евентуална криза” со којашто би се загрозиле виталните вредности на државата ќе мора да организира систем за управување со кризи. Имено, моделирањето треба да биде примерено на новиот приод на управување со кризите, промовиран со новиот Стратегиски концепт на НАТО, искуствата од другите држави, а сето тоа прилагодено на нашите потреби и можности.

Во овој контекст се поставува прашањето: До каде се дојде со оваа идеја? Второ, и уште поважно, како ќе се прилагоди идејата за Агенцијата за кризен менаџмент за да одговори на новите предизвици?

Главната промена е во поглед на прераснување на координативното тело за справување со кризи во Национален кризен оперативен центар, односно во Агенција

за кризен менаџмент. Таа ќе треба да ги координира сите елементи на системот за управување со кризи, меѓу кои ќе се воспостави организација, процедури и процеси за донесување одлука за контрола на кризата и нејзиното насочување. Агенцијата за кризен менаџмент ќе биде под ингеренции на Владата на Република Македонија и таа ќе ја обезбедува финансиската и логистичката поддршка на Агенцијата за кризен менаџмент.

Владата, како целина, преку Агенцијата за кризен менаџмент ќе треба да ги координира сите министерства. Заради тоа, таа мора да ги постави целите во процесот на управувањето, да ги испланира основните активности, да ги определи општите принципи и структурната рамка од која се очекува да се влијае врз кризите. За таа цел, во рамките на агенцијата за кризен менаџмент ќе треба да се формираат: Комитет за кризно раководење, со кој ќе раководи премиерот на Владата. Членовите на комитетот треба да бидат министерот за одбрана, за внатрешни работи, за надворешни работи и за труд и социјална политика. Исто така, при Агенцијата треба да се формира и Кризен координативен комитет, претставен од релевантни национални институции, во чии рамки може да се формира и координативно одделение, со основна функција за координација и поддршка. Потоа треба да се формира и посебен комитет за консултации и помошни секторски комитети, кои можат да ги координираат на пр. Програми за економска и хуманитарна помош.

## Наместо заклучок

Јавниот дискурс во Република Македонија во последно време посветува големо внимание на системот за управување со кризите. Идејата е тој да биде моделиран според стандардите на НАТО, позитивните искуства од другите држави и според нашите потребите, односно, да биде во духот на градењето на современ систем за кризен менаџмент. Во таа насока, во скоро време, ќе се изготви законска регулатива, со што, ќе се создаде правна основа за нова организациско-функционална поставеност на национален кризен оперативен центар.

Од друга страна, нејзиното поставување и развој, сметам дека ќе и овозможи стабилност, безбедност и исполнување на еден од условите за прием на Република Македонија во НАТО алијансата.